ОПШТИНА КАРПОШ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

КОМИСИЈА

Број: 11-481/2
Датум: 22.01.2024

Врз основа на член 22, став 1, точка 13 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2024 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 16/2023), и Решението за формирање Комисија за распишување Јавен повик и спроведување постапка за реализација на програмските активности од годишната Програма од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2024 година бр. 11-481/1 од 22.01.2024 година, Комисијата за реализација на програмските активности, објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

## за реализација на програмските активности од годишната Програма од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2024 година

1. Со цел реализација на активностите од годишната Програма од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2024 година, Комисијата за реализација на програмските активности распишува Јавен повик.

2. Програмата од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите од Општина Карпош за 2024 година ги предвидува следниве области за реализирање на програмските активности:

- Унапредување на здравјето на жените и мажите;
- Превенција и советување за спречување на семејното насилство и помош

на жртвите од семејно насилство

- Промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација
- Надминување на родови стереотипи преку зголемено учество на девојчињата во ИТ секторот
- Отварање на локална канцеларија за родителство

3. Целта на програмските активности е реализација на проекти од предвидените области кои се во насока на промоција и унапредување на еднаквоста, советување, превенција и помош, едукација, укажување на законски регулативи.

4. Вкупната предвидена финансиска рамка за реализација на програмските активности е во износ од 1.100.000.00 денари и истата е предвидена во Буџетот на Општина Карпош за 2024 година.

5. Финансиската поддршка ќе се додели врз основа на постапка по јавен повик за избор на реализатори на проекти од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош, објавен на општинската страна www.karpos.gov.mk.

6. Постапката за избор на реализатори на проекти ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош. Комисијата е составена од три члена, од кој едниот е координатор за еднакви можности, а двајца се од општинската администрација.

7. Право на учество на повикот за реализација на програмски активности од областите кои се предвидени во Програмата за еднакви можности меѓу жените и мажите за 2024 година имаат сите заинтересирани правни и физички лица од државата кои се занимаваат со активности и проекти од јавен карактер, посебно од областа на еднаквите можности.

Заинтересираните физички и правни лица треба да ги достават следниве документи:
- предлог проект
- статут и решение за регистрација на Здружението на граѓани
- референтна листа за изработени проекти (искуство со проекти во локална самоуправа ќе се смета за предност).

8. Јавниот повик се објавува во електронска форма на веб страната на Општина Карпош.

   Начин на пријавување: Заинтересираните можат да ги поднесат потребните документи до архивата на Општина Карпош.
   Некомплетната документација нема да биде разгледувана.

   Адреса: Општина Карпош, улица Радика бр.9, бараки број 1 и број 2.

Јавниот повик трае до исцрпување на средствата.

**Комисија за реализација на активности од годишната Програма за еднакви можности меѓу жените и мажите**